**2021044661**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 28 став (9) и член 29 став (10) од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЗАЛОВУВАЊЕ, ИНТЕРВЕНЦИИ И ТРЕТМАН НА БЕЗДОМНИТЕ КУЧИЊА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТЕСТОТ ЗА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА, НАЧИНОТ И СОДРЖИНАТА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР, УСЛОВИТЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРИФАТИЛИШТАТА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОДОБРУВАЊЕ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ОДОБРЕНИ ПРИФАТИЛИШТА

Член 1

**Предмет на уредување**

Со овој правилник се пропишуваат постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на Регистарот на одобрени прифатилишта.

Член 2

**Дефиниции**

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. „Знаци на агресивност“ се: каснување, ’ржење, штракање со забите, трчање кон човек или животно покажувајќи ги забите.

2. „Хемиски средства за заловување на кучињата“ се ветеринарно медицински препарати кои се даваат инекционо и служат за анестезирање и имобилизација на животното.

3. „Упатство за контрола на популација на бездомни кучиња“ е упатство од Кодот за копнени животни на Меѓународната организација за здравствена заштита на животните-ОИЕ.

Член 3

**Услови во однос на прифатилиштата**

(1) Прифатилиштата за бездомни кучиња и нерегистрирани кучиња треба да бидат изградени на место каде не ја нарушуваат работата на постоечките објекти и да не ја загадуваат околината.

(2) Прифатилиштата треба да бидат изградени најмалку на 500 метри оддалеченост од населено место, а доколку оддалеченоста е помала од 500 метри, треба да бидат заградени со цврста ограда која треба да биде доволно висока за прифатилиштата да бидат визуелно изолирани од околината.

(3) Прифатилиштата треба да бидат изградени на цврсто и оцедно тло, каде нивото на подземни води не е високо и надвор од подрачја кои се подложни на поплави и на лизгање на земјиштето.

(4) Кругот на прифатилиштата треба да биде заграден со ограда која треба да е конструирана на начин што спречува влез и излез на животни, да е простран, да осигура функционална поврзаност на објектите, а сите површини кои не се асфалтирани или бетонирани треба да бидат со уредно одржувано зеленило.

(5) Прифатилиштата треба да се снабдени со вода за пиење, од јавен водовод или од сопствени извори. Здравствената исправност на водата од сопствени извори треба да се контролира согласно прописите од областа на здравствена исправност на водата за пиење најмалку два пати годишно, а по потреба и повеќе пати.

(6) Објектите во прифатилиштата треба да имаат систем за прифаќање на отпадните води, при што атмосферските води да може да се влеваат во канализација или природен реципиент без прочистување. Прифатилиштата треба да имаат одводна канализациона мрежа, а отпадните води и фекалии да се влеваат во јавната канализациона мрежа или септичка јама.

(7) Подовите, ѕидовите и кровот на просториите во кои се сместени животните треба да бидат изградени од непропустлив материјал кој лесно се чисти и дезинфицира, отпорен на влага, ерозија и механичко оштетување и одржувани да обезбедат заштита од влијанието на неповолните временски услови.

(8) Во просториите каде престојуваат животните треба да има доволно дневна светлина.

(9) На влезот во објектите во прифатилиштата треба да биде поставена натписна плоча на која ќе бидат напишани називот на прифатилиштето, адресата, телефонските броеви, електронска пошта и работното време, како и телефонскиот број на дежурното лице.

Член 4

**Простор и простории во прифатилиште**

(1) Прифатилиштето за животни треба да има простор или простории за:

1. Прием на животните,
2. Медицински третман на животните,
3. Сместување и држење на животните,
4. Изолација (карантин) на животните,
5. Пост-оперативна нега на животните,
6. Спроведување на тестот за социјализација на куче,
7. Складирање на средствата за чистење и дезинфекција,
8. Чување на храната за животни,
9. Персонал,
10. Прием на странки и
11. Санитарен јазол.

(2) Доколку во состав на прифатилиштето покрај просториите од став (1) на овој член има и ветеринарна амбуланта, клиника или болница каде се извршуваат интервенциите истите треба да бидат одобрени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и да имаат овластување за вршење на услуги од јавен интерес за здравствена заштита на животните.

Член 5

**Простор или простории за прием**

(1) Просторот/просторијата за прием на животните од член 4 став (1) точка 1 од овој правилник треба да содржи:

- маса за преглед на животните;
- соодветна опрема за фиксација на животните;
- извор на светлина со најмалку 250-500 lux и
- соодветен број на поединечни боксови каде се сместуваат новопримените животни.

(2) Боксовите треба да бидат конструирани на начин со кој се оневозможува физички контакт на животните со другите животни во прифатилиштето.

(3) Боксовите треба да имаат најмалку слободна подна површина од 1,2 m x 1,8 m.

(4) Висината на боксот треба да биде доволна да овозможи нормално стоење, вртење, седнување и легнување на кучето и да може кучето да се истегне исправено во целата негова должина (од задните екстремитети до врвот на шепите од предните екстремитети).

(5) Кучињата не треба да се сместуваат групно во ист бокс во просторот/просториите за прием на животните освен во случај на кучка со мали кученца.

Член 6

**Просторија за медицински третман на животните**

Просторијата за медицински третман на животните наведена од член 4 став (1) точка 2 од овој правилник треба да е конструирана согласно членовите 10 и 11 од Правилникот за условите за одобрување на ветеринарната амбуланта, ветеринарната клиника, ветеринарната болница и ветеринарна служба на одгледувалиште.

Член 7

**Просторија за сместување и држење на животните**

(1) Просторијата за сместување и држење на животните од член 4 став (1) точка 3 од овој правилник треба да содржи бокс со слободна подна површина од најмалку 1,2 m x 1,8 m.

(2) Доколку престојот на животните во боксовите е подолг од десет дена треба да им се обезбеди соодветен испуст за вежбање на кучињата, односно да им се овозможи друг начин на физичка активност.

(3) Висината на боксот треба да биде доволна за да овозможи нормално стоење, вртење, седнување и легнување на кучето и да може кучето да се истегне исправено во целата негова должина сметајќи од задните екстремитети до врвот на шепите од предните екстремитети.

(4) Ако во ист простор се држат повеќе кучиња, секое куче поединечно треба да има на располагање најмалку 1,5 $m^2$ слободна подна површина.

Член 8

**Просторија или простор за изолација (карантин) на животните**

(1) Просторот или просторијата за изолација (карантин) од член 4 став (1) точка 4 од овој правилник треба да биде конструирана на начин со кој се оневозможува физички контакт на животните со другите животни во прифатилиштето.

(2) Во просторот или просторијата треба да има соодветен број на поединечни боксови за сместување на кучињата, со најмалку слободна подна површина од 1,2 m x 1,8 m.

(3) Висината на боксот треба да биде доволна за да овозможи нормално стоење, вртење, седнување и легнување на кучето и да може кучето да се истегне исправено во целата негова должина (од задните екстремитети до врвот на шепите од предните екстремитети).

(4) Кучињата не треба да се сместуваат групно во ист бокс во просторот/просториите за прием на животните освен во случај на кучка со мали кученца.

(5) Просторот или просторијата за изолација (карантин) треба да се држи заклучена и до неа треба да има пристап само докторот по ветеринарна медицина, официјалниот ветеринар и лицата кои се грижат за животните.

Член 9

**Просторија или просторија за пост оперативна нега на животните**

(1) Просторот или просторијата за пост оперативна нега на животните од член 4 став (1) точка 5 од овој правилник треба да е сместена во затворен простор од цврста градба и да содржи соодветен број на поединечни боксови/кафези за сместување на кучињата кои се доволно пространи да можат животните нормално да стојат, лежат и свртат во пост оперативниот период.

(2) Вентилацијата, осветлувањето и температурата треба да бидат соодветни на здравствена состојба на кучињата и да не влијаат штетно на нивното здравје и благосостојба.

(3) Пристап до просториите за пост оперативна нега треба да имаат докторот по ветеринарна медицина, неговиот помошник, официјалниот ветеринар и лицата кои се грижат за животните.

Член 10

**Просторија или просторија за спроведување на тестот за социјализација**

(1) Просторот или просторијата за спроведување на тестот за социјализација од член 4 став (1) точка 6 од овој правилник треба да е тивка, чиста и добро осветлена со природна светлина.

(2) Тестот за социјализација може да се спроведе на отворено во просторот кој е заштитен со настрешница за заштита од неповолни временски услови и ограден со ограда која обезбедува визуелна заштита од околината.

Член 11

(1) Доколку боксовите од членовите 7 и 9 од овој правилник се оградени со жичана ограда истата треба да биде изградена од материјал и на начин кој нема да предизвикува повреди кај животните.

(2) Во просториите наведени во членовите 5, 7, 8 и 9 од овој правилник, на животните треба да им се обезбеди простор за спиење кој може да биде организиран во вид на индивидуална куќарка или издигнато место за спиење кои треба да се изградени и да се одржуваат на начин со кој на кучето ќе му се обезбеди суво и удобно лежиште. Доколку повеќе животни се сместуваат во ист бокс секое куче треба да има на располагање поединечен простор за спиење или куќарка.

(3) На боксовите каде се држат животните треба да биде истакната листа со податоци за секое куче поединечно и тоа:

- име и презиме на сопственик/број на микрочип, локација на заловување,
- дали е спроведен тест за социјализација и кои се резултатите од тестот,
- датумот на прием,
- датумот на лабораториско испитување и кои болести,
- датумот на извршена стерилизација и
- називот на препаратите и датум на дадена терапија.

Член 12

(1) Температурата на воздухот во просториите каде се држат животните треба да биде одржувана на ниво да не влијае штетно на здравјето и благосостојбата на животните и по потреба да се обезбеди заштита од екстремни температури со соодветен начин на проветрување, ладење или загревање.

(2) Во просториите каде се сместени болните и изнемоштените животни температурата на воздухот треба да биде соодветна на нивната здравствена состојба и препораките од доктор по ветеринарна медицина и да не влијае штетно на нивното здравје и благосостојба.

(3) Животните не треба да се изложуваат на постојан провев, ветер, директно изложување на сонце, дожд, снег и други неповолни временски услови.

Член 13

**Услови во однос на опремата**

(1) Прифатилиштата треба да имаат ладилник или надворешен контејнер-ладилник за собирање на лешевите. Ладилникот односно контејнерот треба да се држи заклучен и да е сместен во кругот на прифатилиштето така да е оневозможен пристапот на неовластени лица.

(2) Прифатилиштата треба да имаат соодветно возило или приколка за превоз на животните. Просторот за возачот треба да биде одвоен од просторот за животните. Просторот за животни во возилото или приколката треба:

- да е доволно простран за да може животното нормално да стои и лежи и да се сврти;
- да има доволно свеж воздух;
- да обезбеди соодветна заштита од неповолни временски услови;
- да нема остри рабови и испакнатини кои можат да предизвикаат повреда на животните;
- да е опремен така да обезбеди сигурен превоз на животните и
- да може лесно да се чисти и дезинфицира.

(3) Возилото и приколката за превоз на животните треба да бидат видливо означени со натпис на кој го пишува називот, адресата, електронската пошта и телефонските броеви на прифатилиштето.

(4) Во просторот каде се превезуваат животните, додека истите се превезуваат не треба да има лешеви од други животни, токсични материи и други материјали, предмети и слично кои може да предизвикаат било каква повреда или опасност по здравјето на животните.

(5) Прифатилиштето треба да располага со соодветна опрема како што се кафези за транспорт, поводници, стапови со јамки, мрежи, храна (за намамување на кучињата) и хемиски средства за заловување на кучињата.

(6) Секој оддел во прифатилиштето треба да има свој сет на средства и опрема за чистење. Тие треба јасно да се означат на кој оддел од прифатилиштето припаѓаат.

(7) Кога во боксовите нема животни може да се користи машина за чистење со вода под висок притисок во сите делови на прифатилиштето.

(8) Персоналот кој работи во прифатилиштето треба да има соодветна заштитна облека и обувки.

(9) Прифатилиштата треба да имаат компјутер, стабилна интернет врска и читач за микрочипови.

(10) Секој оддел на прифатилиштето треба да има свој сет на садови за хранење и напојување.

(11) Садовите за хранење и напојување треба да бидат направени од материјал кој лесно се чисти и дезинфицира и не претставува опасност по здравјето на животните.

Член 14

**Услови во однос на кадарот**

Во прифатилиштата треба да има најмалку едно лице на секои 20 кучиња, кое ќе се грижи за животните. Лицата треба да имаат поминато соодветна обука за заловување, постапки со кучињата, нега и грижа за кучињата како и хранењето, напојувањето, негата, однесувањето и пристапот кон животните, постапки во прифатилишта за кучиња, чистење и дезинфекција. Лицата не треба да се казнети за прекршок поврзан со Законот за заштита и благосостојба на животните.

Член 15

**Постапки за заловување и третман на кучињата**

(1) Заловувањето на кучињата општинатa, општините во градот Скопје односно градот Скопје го вршат согласно план и програма која е одобрена од Агенцијата за храна и ветеринарство, определувајќи приближен број на кучиња кои ќе бидат заловени и третирани и локации од каде ќе се врши заловувањето, како и планирани расходи за постапување со бездомните кучиња врз основа на претходна спроведена проценка на популација на бездомни кучиња.

(2) Хемиските средства за заловување на кучињата може да се користат само кај агресивните, исплашените, прекумерно возбудените животни и кај оние кучиња кај кои заловувањето со јамки, стапови со јамки и мрежи не е возможно и истите не треба да се користат како рутинска мерка. Дозирањето и употребата на овие средства треба да бидат под надзор на доктор на ветеринарна медицина.

(3) При заловувањето, треба веднаш да се евидентира датумот на заловување и точната локација на заловување на кучето и податоците да се внесат во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство.

(4) Прифатилиштата треба да ги прифатат и животните за кои сопствениците неможат или не сакаат да се грижат. Такво животно треба да биде примено во прифатилиштето најдоцна осум дена од денот на пријавувањето и веднаш по приемот на животното да се ажурира Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство, со податоци за причините за носење на животните во прифатилиштето како и податоците за лична идентификација на сопствениците кои ги донеле кучињата во прифатилиштето.

(5) Прифатилиштата треба да овозможат заловување и сместување на животните по пријава, во рок од 24 часа од пријавувањето или веднаш, доколку животното е повредено. Прифатилиштето треба да има усвоена пишана процедура за постапување во случај кога во прифатилиштето нема место за прием на нови животни.

(6) Прифатилиштата треба веднаш да ги заловат кучињата за кои е пријавено дека каснале човек и веднаш да го известат надлежниот официјален ветеринар. Кучињата се сместуваат во просториите за изолација-карантин.

(7) Прифатилиштата треба да имаат соодветен персонал кој ќе обезбеди информирање на јавноста за да се овозможи вдомување на кучињата.

(8) Заловените кучиња кои ќе се вдомуваат треба да се стерилизирани, вакцинирани против беснило, дехелминтизирани со средство кое е регистрирано во Агенцијата за храна и ветеринарство и кое согласно упатството на производителот, делува против ехинококозата, и да се идентификувни со микрочип согласно Правилникот за идентификација и регистрација на домашните миленици.

(9) Кучињата кои се враќаат во реонот на заловување треба да се стерилизирани, вакцинирани против беснило, дехелминтизирани со средство кое е регистрирано во Агенцијата за храна и ветеринарство и кое согласно упатството на производителот, делува против ехинококозата, да не се опасни кучиња и да се идентификувани со микрочип согласно Правилникот за идентификација и регистрација на домашните миленици и дополнително видливо да се обележат со ушна маркица.

Член 16

(1) Кучињата кои се опасни согласно членовите 30 и 32 од Законот за заштита и благосостојба на животните и не можат да бидат вратени на реонот на заловување, можат да бидат еутаназирани.

(2) Кучињата од ставот (1) на овој член, ќе бидат еутаназирани доколку за истите не се пројави интерес за вдомување и не бидат вдомени во рок од 30 дена од денот на спроведувањето на тестот за социјализација, за што прифатилиштето треба да ја чува документацијата дека кучето било понудено за вдомување на оглас кој траел најмалку 20 дена преку средствата за јавно информирање, веб страната на прифатилиштето, социјалните мрежи и слично и истите да се достапни на барање на Агенцијата.

Член 17

**Третман**

(1) По приемот, животните во просторот или просториите за прием ги прегледува доктор по ветеринарна медицина, кој врши проценка и селекција на животните и тоа на:

- животни кои се погодни за стерилизација (враќање на реон на заловување или вдомување) кои треба превентивно да се заштититат согласно прописите од ветеринарното здравство,
- животни кои на себе имаат специфични и видливи обележја или микрочип од кои може да се утврди дека имаат сопственик, кој веднаш треба да се извести и
- животни кои очигледно страдаат, се стари и изнемоштени, прекумерно агресивни или повредени до тој степен што лечењето ќе биде долго и со несигурна прогноза, кучиња кои се затекнати во борба и треба да се еутаназираат.

(2) Новопримените животни се сместуваат во просторија за прием која е одвоена од просториите каде се држат другите животни и не треба да дојдат во допир со другите животни. Врз кучињата во најкус рок треба да се извршат сите интервенции согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните.

(3) Пристап во просторијата за прием има само персоналот кој работи во прифатилиштето, докторот по ветеринарна медицина кој врши здравствена заштита на животните како и официјалниот ветеринар и помошникот на официјален ветеринар.

(4) Кучињата треба да претстојуваат во просторијата за прием најмалку два дена по приемот односно најмногу до добивањето на резултатите од лабораториското испитување и извршените други прегледи од ставот (5) на овој член.

(5) Кучињата кои се примени во прифатилиштето за време на престојот во просторијата за прием треба да бидат прегледани за болести согласно прописите од областа на ветеринарното здравство, општа физичка состојба и да се изврши тест за социјализација.

(6) По клиничкиот преглед, добиените резултати од прегледите и резултатите од тестот за социјализација на кучињата и по одобрување на докторот по ветеринарна медицина, кучињата може да се префрлат во просториите за држење на животните.

(7) Во просторијата каде се држат животните може да се сместуваат само животни кои се здрави и испитани согласно одредбите на прописите на областа на ветеринарното здравство и кои можат да бидат вдомени или вратени на местото на заловување.

(8) Работата на прифатилиштата со странки треба да е најмалку четири часа дневно, најмалку пет дена во неделата, од кои еден ден е за време на викендот во кој ден работата со странки треба да е во рамките на целото работно време.

(9) Прифатилиштето треба да воспостави 24 часовно дежурство со цел прием на животните во итни случаи.

(10) Дежурството може да биде организирано во договор со некоја организација која врши ветеринарна дејност и е регистрирана согласно прописите од областа на ветеринарното здравство или со телефонски број на дежурното лице.

(11) На кучињата кои се внесуваат во боксовите веднаш по сместувањето треба да им се обезбеди свежа вода која ќе биде достапна во секое време и соодветна хранлива, хигиенска и избалансирана храна во согласност со нивната возраст и раса, за одржување на здравјето и физиолошките потреби. Секое куче треба да има на располагање посебен сад со храна и вода.

(12) Садовите за напојување и хранење треба темелно да се измијат после секоја употреба.

(13) Храната треба да се чува на места недостапни за инсекти и глодари и во согласност со упатството на производителот.

(14) Лицата кои се грижат за животните треба да ги проверуваат животните најмалку два пати дневно со цел ја проверат општата состојба на животните, односно, дали животните јадат, пијат, дефецираат, дали се апатични и агресивни, а по потреба или доколку општата состојба на животните е нарушена да го известат докторот по ветеринарна медицина.

(15) Доколку повеќе кучиња се сместуваат заедно во ист бокс тоа треба да е соодветно на нивната возраст, темперамент и пол. Кучки во еструс не треба да се сместуваат заедно со мажјаци.

(16) Повредени, болни, агресивни животни и животни кои очигледно патат не треба да се сместуваат во ист бокс.

Член 18

**Интервенции**

(1) На кучињата во прифатилиштето се спроведуваат интервенции како што се стерилизација и еутаназија.

(2) Постапката на еутаназија се применува во случај:

1. кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари и изнемоштени животни или

2. кога животното е опасно односно нападнало човек или животно согласно членовите 30, 31 и 32 од Законот за заштита и благосостојба на животните, за што одлучува докторот по ветеринарна медицина и ја спроведува постапката за еутаназија.

(3) Постапката на еутаназија треба да биде изведена на начин со кој животното нема да биде подложено на болка и страдање, да е едноставна, лесна за изведување, безбедна за персоналот кој ги применува и соодветна за видовите животни кои се еутаназираат.

(4) Постапката за еутаназија треба да се изврши со препарати за еутаназија кои треба да се држат на безбедно место, заклучени каде е оневозможен пристапот на неовластени лица.

(5) Заради спроведување на постапка за еутаназија се врши подготовка за еутаназија и тоа на просторија за еутаназија која треба да е тивка и чиста, а на вратата да биде истакнат знакот „забранет пристап“.

(6) Еутаназијата треба да ја извршуваат две лица и тоа: доктор по ветеринарна медицина кој го аплицира препаратот за еутаназија и негов помошник кој треба да ги изврши сите други подготовки. Во случај на новородени животни, претходно седирани животни, тешко болни и повредени животни, доколку е безбедно еутаназијата може да ја изврши докторот по ветеринарна медицина без помошник.

(7) Големината на иглите треба е соодветна на големината на крвниот сад на животното.

(8) Употребените игли треба безбедно да се отстранат и третираат како медицински отпад.

(9) Животните треба да се еутаназираат одвоени од другите животни и без присуство на луѓе повеќе од потребните за извршување на процедурата.

(10) Во просторијата за еутаназија треба да има само едно животно, освен во случај кога се работи за легло на новородени животни кои сеуште не прогледале, во кој случај прво се еутаназира мајката, а потоа новородените кученца.

(11) Пред извршување на еутаназијата кај агресивните, прекумерно исплашените, возбудените и прекумерно активните животни се користи препарат или метода кои бараат седација на животните така што се употребуваат соодветни седативи. Дозата на препаратите за седација треба да е согласно упатството на производителот на препаратот.

(12) Еутаназија на кучињата треба да се изведува исклучиво по пат на интравенска (внесување директно во вена) апликација на хемиски средства кои предизвикуваат прекинување на виталните функции на животното по предходна длабока анестезија. Методите за изведување на еутаназија треба да бидат во согласност со Поглавјето 7.7. Упатство за контрола на популација на бездомни кучиња од Кодот за копнени животни на Меѓународната организација за здравствена заштита на животните-ОИЕ. Препаратите за еутаназија треба да се одобрени од Агенцијата за храна и ветеринарство, а употребата, дозирањето и начинот на апликација на препаратот треба да е согласно упатството на производителот. Во случај на новородени или мали животни препаратот може да се аплицира интраперитонеално со претходна апликација на локален анестетик кој ќе ја блокира болката.

(13) По апликација на препаратот, животното не треба да остане само во просторијата за еутаназија се додека докторот по ветеринарна медицина не констатира смрт.

(14) Смртта треба да се констатира пред да се отстрани лешот. До спроведување на постапката за нештетно отстранување на лешот, иститот треба да се чува во ладилник. При изведување на еутаназијата треба да се води записник, а извештајот од протоколот за еутаназија треба да се чува на место соодветно за таа цел.

(15) По смртта лешевите треба да се отстранат согласно прописите од областа на ветеринарното здравство.

(16) По извршената стерилизација женските кучиња треба да бидат под надзор и не треба да бидат вратени на местото на заловување или вдомени најмалку три дена, додека машките 24 часа по извршените хируршки интервенции, односно доволен период за нивно целосно опоравување во согласност со препораките од докторот по ветеринарна медицина.

(17) Пред влез на нови животни сите простории каде се држат животните треба да бидат темелно исчистени и дезинфицирани.

(18) За дезинфекција на боксовите треба да се користат комерцијални препарати за таа намена и тие треба да се користат согласно упатството на производителот. Дезинфициенсот треба да се нанесе само на претходно темелно исчистена површина.

(19) Темелно чистење и дезинфекција треба да се изведува кога во боксовите нема животни.

(20) Во кругот на прифатилиштето треба да се врши дератизација најмалку два пати годишно а по потреба и повеќе пати. Дезинсекцијата треба да се извршува во текот на сезоната на инсекти најмалку еднаш месечно, по потреба и почесто, а во останатиот дел од годината по потреба.

Член 19

**Тест за социјализација на бездомно куче**

(1) Тестот за социјализација на бездомно куче (во понатамошниот текст „тестот“) се спроведува од страна на овластено лице од Агенцијата за храна и ветеринарство (во понатамошниот текст „овластено лице“), кое не е актуелен сопственик на кучето и не било во никаков претходен контакт со кучето.

(2) Овластеното лице ја проверува општата здравствена состојба на кучето пред да се започне со спроведување на тестот кој се спроведува на кучиња со добра здравствена состојба, односно на кучиња кои немаат видливи повреди, акутна или хронична болка и кои не се во рековалесцентна состојба по хируршка интервенција, како и кучки во пуерпериум.

(3) Тестот за социјализација на бездомни кучиња се врши во рок од два до три дена по приемот и пред да се извршат хируршките интервенции.

(4) Тестот се спроведува во пријателска и позитивна средина со пријателски контакт и зборење кон кучето и без непредвидливи и нагли движења кон кучето.

(5) Доколку непосредно пред спроведување на тестот кучето покажува знаци на агресивност или не е безбедно за да се спроведе тестот, тестот не се спроведува и се констатира дека кучето не го положило тестот и кучето се прогласува за опасно куче.

(6) Тестот за социјализација се спроведува додека има дневна светлина.

(7) Доколку кучето на било каков начин е вознемирено треба да му се даде време од најмалку 10 минути да се смири и да се прилагоди на просторијата. Доколку ова нема резултат, тестот се спроведува наредниот ден. Постапката може да се повтори до најмногу три пати, доколку нема резултат во три обиди, се констатира дека кучето не го положило тестот и кучето се прогласува за опасно куче.

(8) Тестот се спроведува во засебна просторија која е тивка, чиста и добро осветлена со природна светлина. Тестот може да се спроведе и на отворено доколку просторот е заштитен со настрешница за заштита од неповолни временски услови и е ограден со ограда која обезбедува визуелна заштита од околината.

(9) Кучето треба да е на поводник кој е доволно долг и релаксиран.

(10) Доколку во било која фаза на спроведување на тестот кучето покаже знаци на агресивност, тестот се прекинува, односно се констатира дека кучето не го положило тестот и се прогласува за опасно куче.

(11) Тестот за социјализација на куче завршува со пополнување на образец од страна на овластеното лице, кој за истото ја известува Агенцијата во рок од пет дена. Образецот за тестот на социјализација овластеното лице го презема од веб страната на Агенцијата за храна и ветеринарство, и за истото ја известува Агенцијата во рок од пет дена.

(12) Обрасците за спроведените тестови на социјализација на бездомно куче ги чува Овластеното лице.

(13) Тестот се оценува со „положил“ и „не положил“. Доколку тестот не е спроведен, со пишана забелешка се констатираат причините за не спроведување на тестот.

Член 20

**Водење евиденција и начин на вршење надзор**

(1) Во прифатилиштето се води евиденцијата за кучињата која треба да се води уредно и редовно да се ажурира со секој нов податок.

(2) Евиденцијата се води електронски или писмено така што во истата се внесуваат податоци и тоа:

1. Општи податоци:

- број на заловени кучиња;
- број на стерилизирани кучиња;
- број на еутаназирани кучиња;
- број на кучиња кои се вратени на местото на заловување;
- број на вдомени кучиња;
- број на угинати кучиња во прифатилиштето;
- број на животни кои се вратени на сопствениците;
- евиденција за здравствениот статус на животните за секое животно поединечно;

- евиденција за извршени лабораториски испитувања и резултатот од испитувањата;
- евиденција за евентуално лекување и дадена терапија и
- евиденција за извршените превентивни мерки, датум на вакцинација од беснило и дехелминтизација.

2. Податоци при заловување на кучињата:
- датум и време на заловување;
- локација на заловување со геокоординати и
- лице кое го заловило кучето.

3. Податоци при прием на животните:
- кондиција;
- раса;
- пол;
- старост;
- дали кучката е во лактација;
- боја и надворешни знаци и карактеристики на животното;
- податоци за сопственикот доколку се работи за идентификувано и регистрирано куче;
- број на микрочип или број на ушна тетоважа;
- број на ушна маркица (боја и ознаки) и
- знаци на болест и повреда.

4. Податоци при вдомување односно враќање на реонот на заловување:
- назив на претпријатието или име и презиме на физичкото лице кое го вдомува кучето;
- опис и електронска фотографија на кучето;
- даночен број на претпријатието, односно единствен матичен број на граѓанинот;
- адреса, телефонски број и електронска пошта;
- број на микрочип,
- датум на вдомување;
- датум на враќање во реонот на заловување;
- реон на враќање со геокоординати и
- потпис на физичкото лице или одговорното лице во правното лице.

5. Податоци при постапките на еутаназија:
- причини за еутаназија;
- времето и датумот на употреба на препаратот за еутаназија;
- назив на препаратот за еутаназија;
- број на ушна маркица;
- број на микрочип;
- тежината на кучето;
- доза и сериски број на употребен препарат за еутаназија и
- име и презиме на докторот по ветеринарна медицина кој ја извршил еутаназијата, факсимил и потпис.

(3) Евиденцијата треба да е достапна на увид на официјален ветеринар и најмалку еднаш месечно се доставува до Агенцијата за храна и ветеринарство.

(4) Агенцијата за храна и ветеринарство врши надзор на прифатилиштето во поглед на исполнетоста на условите пропишани со Законот за заштита и благосостојба на животните, условите пропишани со овој правилник и другите прописи од областа на ветеринарното здравство најмалку еднаш годишно.

Член 21

Форма и содржина на барањето за одобрување на прифатилиште

(1) Барањето за одобрување на прифатилиште се поднесува во печатена форма на А4 формат во бела боја.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 22

Форма и содржина и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта

(1) Регистарот на одобрени прифатилишта се води во електронска форма.

(2) Формата и содржината Регистарот на одобрени прифатилишта се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 23

**Завршна одредба**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-392/1
16 февруари 2021 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
в.д. Директор,
**Николче Бабовски,** с.р.

**Прилог 1**

**До: Агенција за храна и ветеринарство**

**БАРАЊЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРИФАТИЛИШТЕ**

| | |
|---|---|
| 1. Назив на подносител на барањето: | |
| 2. Адреса на седиштето на фирмата: | |
| 3. Единствен матичен број на субјектот и единствен даночен број на правното лице: | |
| 4. Овластено лице за застапување на субјектот: | |
| Име и презиме: | ЕМБГ: |
| Телефон: | Електронска пошта: |
| 5. Одговорно лице за прифатилиштето: | |
| Име и презиме: | ЕМБГ: |
| Телефон: | Електронска пошта: |
| 6.Капацитет: | |
| 7. Адреса на прифатилиштето:<br><br>Телефон: | |

Изјава на овластеното лице:

Изјавувам дека објектот ги исполнува минималните технички-технолошки услови за држење на животните.

Датум Потпис

Место

**Прилог 2**

# РЕГИСТАР ЗА ПРИФАТИЛИШТА ЗА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА И НЕРЕГИСТРИРАНИ КУЧИЊА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Регистерски број на прифатилиштето: | |
| 2. | Назив на субјектот на подносителот на барањето: | |
| 3. | Адреса на седиштето на субјектот, подносител на барањето: | |
| | Сопственик на објектот и негова адреса: | |
| 4. | Единствен матичен број на субјектот и единствен даночен број на правното лице: | |
| 5. | Овластено лице за застапување на субјектот (име и презиме, ЕМБГ , адреса, телефон, електронска пошта): | |
| 6. | Одговорното лице за прифатилиштето ( име и презиме, ЕМБГ, адреса, телефон, електронска пошта): | |
| 7. | Адреса на прифатилиштето: | |
| 8. | Капацитет: | |
| 9. | Датум на одобрување односно регистрација: | |
| 10. | Забелешка: | |
| 11. | Измени на условите: | |